ЗАКОН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ БОНОВИ - ВАУЧЕРИ

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ 1

Член 1

Со овој закон се уредува постапката за издавање и искористувањето на вредносните бонови - ваучери кои се користат за набавка на таблет компјутер со надворешна тастатура, за потребите на редовните студенти државјани на Република Македонија запишани за првпат во трета и четврта година на прв циклус на студии во учебната 2014/2015 година на високо образовните установи во Република Македонија и студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби запишани во било која година на студии во учебната 2014/2015 година на високо образовни установи во Република Македонија.

Со вредносен бон - ваучер од ставот 1 од овој член, се стекнуваат студентите од семејства во кои вкупните месечни приходи не го надминуваат износот од 32.741 денари бруто приход.

Член 2

Редовни студенти запишани за првпат во трета и четврта година на прв циклус на студии во учебната 2014/2015 година на високо образовните установи во Република Македонија во смисла на овој закон се сите редовни студенти, државјани на Република Македонија и се запишани за првпат во трета и четврта година на прв циклус на студии на високо образовните установи, до 15 ноември 2014 година.

Студенти кои се евидентирани како лица со посебни потреби во смисла на овој закон се сите запишани студенти во која било година на студии во учебната 2014/2015 година на високо образовните установи во Република Македонија до 15 ноември 2014 година, а кои се евидентирани како лица со посебни потреби.

Член 3

Студентите од членот 2 на овој закон за стекнување со вредносен бон - ваучер, поднесуваат барање за стекнување со вредносен бон - ваучер (кое содржи согласност за користење на личните податоци од подносителот и од членовите на семејството родители, старатели или брачен другар како и изјава за точност на внесените податоци во барањето) до студентската служба на матичниот факултет, кон кое се приложува:

- фотокопија на уверение за државјанство за сите студенти;

- доказ дека се лица со посебни потреби (каде што јасно се гледа дека лицето е со посебни потреби) за студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби;

- фотокопија од акт за престанок на бракот или извод од матична книга на умрените за студентите кои се со еден родител или без родители и/или

- фотокопија од извод од матичната книга на венчани за студентите кои засновале брак и оформиле семејство.

Студентската служба на матичниот факултет барањата за стекнување со вредносен бон - ваучер со приложените докази ги обработува електронски со внесување на податоците од барањето во електронски формат и во рок од три дена од завршување на рокот за аплицирање на студентите утврден во огласот што го објавува Министерството за информатичко општество и администрација ги доставува до Министерството за образование и наука во електронска и хартиена форма кон кои приложуваат:

- потврда за редовен студент запишан за првпат во трета година (односно со заверен V семестар за првпат) или четврта година (односно со заверен VII семестар за првпат) на прв циклус на студии на високо образовните установи во Република Македонија во учебната 2014/2015 година, најдоцна до 15 ноември 2014 година (за редовните студенти) и/или

- потврда дека се студенти во која било година на студии во учебната 2014/2015 година на високо образовните установи во Република Македонија запишани до 15 ноември 2014 година (студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби).

За проверка на исполнетоста на условите потребни за стекнување со вредносен бон - ваучер, Министерството за образование и наука формира меѓуресорска комисија составена од единаесет члена и нивни заменици, од кои три члена и нивни заменици од Министерството за образование и наука, два члена и нивни заменици од Министерството за труд и социјална политика, два члена и нивни заменици од Државниот просветен инспекторат, два члена и нивни заменици од Управата за јавни приходи и два члена и нивни заменици од Министерството за информатичко општество и администрација.

Комисијата од ставот 3 на овој член најдоцна наредниот ден од приемот на обработените барања од студентските служби на матичните факултети, електронски ги доставува истите до

Управата за јавни приходи, која е должна во рок од пет дена од приемот да достави податоци во електронска форма за висината на вкупните годишни приходи на семејството на студентот за 2013 година за кои не се наплаќа административна такса и друг надоместок.

По проверка на исполнетоста на условите потребни за стекнување со вредносен бон - ваучер, Министерството за образование и наука изготвува листа на студенти кои можат да стекнат вредносен бон - ваучер и истата ја доставува до Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 1 јуни 2015 година.

Формата, содржината и образецот на барањето за стекнување со вредносен бон - ваучер од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 4

Вредносните бонови - ваучери се издаваат во номинална вредност од 8.000 денари.

Член 5

Средствата за издавање на вредносните бонови - ваучери се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2015 и 2016 година.

Член 6

Вредносни бонови - ваучери се издаваат во материјализирана форма и гласат на доносител.

Член 7

Дизајнот и печатењето на вредносните бонови - ваучери согласно со Законот за јавните набавки го врши Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација води евиденција за издадените ваучери, врши доставување на ваучерите до високо образовните установи во Република Македонија и ја спроведува постапката по издадените вредносни бонови - ваучери.

Член 8

За евиденција и идентификација на корисникот на вредносниот бон - ваучер Министерството за информатичко општество и администрација обезбедува веб апликација согласно со Законот за јавните набавки.

Член 9

Вредносните бонови - ваучери се со еднократна употреба и се употребуваат како учество за купување на таблет компјутер со надворешна тастатура.

Вредносните бонови - ваучери се употребуваат за купување на таблет компјутери од ставот 1 на овој член од субјекти (трговски друштва и трговци поединци) кои се регистрирани за дејности поврзани со трговија, одржување и поправка на компјутери.

Субјектите од ставот 2 на овој член треба да постојат на пазарот подолго од две години, да имаат свои продажни места и да имаат повеќе од три вработени лица.

При реализацијата на ваучерите субјектите од ставот 2 на овој член треба да издаваат гарантен лист со сериски број на уредот.

Член 10

Исплатата по издадените вредносни бонови - ваучери се врши од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Исплатата на средствата на субјектите од членот 9 став 2 од овој закон се врши врз основа на доставените искористени вредносни бонови - ваучери, копија од фискална сметка и копија од договорот за купопродажба на таблет компјутер со надворешна тастатура.

Член 11

При приемот на вредносниот бон - ваучер, субјектите од членот 9 од овој закон се должни за идентификација на корисникот на ваучерот да ја користат веб апликацијата од членот 8 од овој закон, за што Министерството за информатичко општество и администрација е должно да им обезбеди пристап.

Субјектите од членот 9 од овој закон се должни за секој примен вредносен бон - ваучер да водат евиденција во која се наведува името и презимето на студентот, бројот на индексот, бројот на личната карта или патната исправа, серискиот број на вредносниот бон - ваучерот и да има личен потпис на студентот врз основа на пополнет формулар и изјава за купување на таблет компјутер со надворешна тастатура со вредносен бонваучер, со кој изјавува дека го предал вредносниот бон - ваучерот со наведениот сериски број.

Формата и содржината на образецот на формуларот со изјавата од ставот 2 на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 12

Вредносните бонови - ваучери можат да се искористат за купување на таблет компјутер со надворешна тастатура најдоцна до 25 јуни 2015 година.

Субјектите од членот 9 од овој закон можат да ги достават вредносните бонови - ваучери за наплата до Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 5 јули 2015 година.

Исплата на средствата за искористените вредносни бонови - ваучери на субјектите од членот 9 од овој закон, Министерството за информатичко општество и администрација го врши на тој начин што една половина од износот на средствата за искористените ваучери ги врши

најдоцна до 31 декември 2015 година, а преостанатата половина од износот на средствата најдоцна до 31 јануари 2016 година.

Член 13

Распределбата на вредносните бонови - ваучери по високо образовните установи во Република Македонија ја врши Министерството за информатичко општество и администрација врз основа на изготвена листа од Министерството за образование и наука од членот 3 став 5 од овој закон.

Во случај распределениот број на вредносни бонови - ваучери на високо образовните установи да не биде целосно искористен, високо образовната установа е должна записнички вредносните бонови - ваучери да ги врати во Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација е должно да ја извести Владата на Република Македонија во рок од седум дена од извршената распределба на вредносните бонови - ваучери за бројот што е распределен по одделни високо образовни установи во Република Македонија.

Член 14

Студентот при подигање на вредносниот бон - ваучерот во високо образовната установа, е должен да пополни формулар со изјава за прием на вредносниот бон - ваучер за купување на таблет компјутер со надворешна тастатура во кој го наведува своето име и презиме, бројот на личната карта или патната исправа, бројот на индексот и серискиот број на вредносниот бон - ваучерот кој го добил.

Одговорното лице за дистрибуција на вредносните бонови - ваучери во високо образовната установа, е должно бројот на личната карта односно патната исправа на студентот да го впише на вредносниот бон - ваучерот на место определено за тоа, пред да го предаде истиот на студентот.

Одговорното лице за дистрибуција на вредносните бонови - ваучери во високо образовната установа, пред да го издаде вредносниот бон - ваучерот е должно да ги внесе податоците од ставот 2 на овој член во веб апликацијата од членот 8 од овој закон.

Формата и содржината на образецот на формуларот со изјавата од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 15

Високо образовните установи се должни во рок од 15 дена од денот на приемот на вредносните бонови - ваучери, да достават извештај за бројот на распределени вредносни бонови - ваучери на студенти согласно со овој закон, до Министерството за информатичко општество и администрација и до Министерството за образование и наука.

Член 16

При примопредавањето на вредносните бонови - ваучери меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и високо образовните установи задолжително се води записник за примопредавањето кој мора да биде потпишан од најмалку три одговорни лица од субјектите меѓу кои се врши примопредавањето на вредносните бонови - ваучери.

Член 17

Неискористените вредносни бонови - ваучери издадени согласно со овој закон Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи ги поништуваат комисиски најдоцна до 15 јули 2015 година.

Член 18

Министерот за информатичко општество и администрација донесува Упатство за спроведување на овој закон.

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и наменското користење на вредносните бонови - ваучери го вршат Министерството за образование и наука - Државниот просветен инспекторат и Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат.

Член 20

Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави целосен извештај за реализација на овој закон преку Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија, заклучно до 15 февруари 2016 година.

Член 21

Секој кој ќе го злоупотреби вредносниот бон - ваучер издаден согласно со овој закон или ќе го фалсификува ќе одговара за сторено кривично дело согласно со Кривичниот законик.

Член 22

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува до 29 февруари 2016 година.